Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Даме Груев бр.5/1 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

Согласно член 35 од Законот за ревизија (Службен весник на Република Македонија број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16) Друштвото за ревизија Којзаклиев – Павлеска ДОО Скопје (во понатамошниот текст Друштвото), објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2017 ГОДИНА

Архивски бр.03-35/1

Дата 29.03.2018

## Содржина на извештајот:

1. Опис на правна структура и сопственост на Друштвото
2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
3. Опис на управувачката структура на Друштвото
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото и изјава од овластениот надлежен орган на Друштвото за ефективноста на функционирањето на овој систем
5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година
7. Опис и изјава за независно работење на Друштвото со кое се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото и дека истите се спроведени
8. Опис и изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останати вработени
9. Финансиска информација за приходите
10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Прилог 1: Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет

Прилог 2: Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото

Прилог 3: Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување

## 1. Опис на правна структура и сопственост на Друштвото

Друштвото за ревизија Којзаклиев - Павлеска ДОО Скопје со седиште на улица Даме Груев број 5/1 Скопје е друштво со ограничена одговорност основано на 10 јули 2003 година.

Во регистарот на друштва за ревизија при Институтот за овластени ревизори на Република Македонија се води под регистарски број ДР012.

Од 12.08.2013 година Друштвото поседува Лиценца за вршење на работи за ревизија издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија со број 15.

Во Друштвото на 31 декември 2017 година вработени се 4 лица, додека на денот на објавувањето на овој извештај вработени се 5 лица на неопределено работно време од кои двајца се овластени ревизори Јорданчо Којзаклиев и Силвана Марковска со полно

работно време и еден овластен ревизор Александар Продановски со половина работно време.
Висината на основната главнина во денарска противвредност изнесува 5.100 евра. Сопственичката структура е следната:

| Сопственик | Учество на сопствениците во апсолутен износ | Учество на сопствениците во проценти |
|---|---|---|
| Јорданчо Којзаклиев – овластен ревизор | 4.590 евра | 90% |
| Даринка Којзаклиева | 510 евра | 10% |
| | **5.100 евра** | **100%** |

Приоритетната дејност на Друштвото е 69.20 – сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување. Друштвото нема регистрирано подружници во земјата или странство ниту е основач на други друштва во земјата и странство.

Согласно Законот за ревизија Друштвото има осигурување од одговорност според број на полиса 13001О042717 на Уника АД Скопје за период од 01.01.2018 до 01.01.2019 година со минимална сума на покривање до 250.000 евра по штетен настан.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Друштвото делува на територија на Република Македоија и не е дел на професионални мрежи.

## 3. Опис на управувачката структура на Друштвото

Друштвото е запишано во трговскиот регистар како друштво со ограничена одговорност со следната управувачка структура:

- Собир на содружници од сопствениците наведени во точка 1. Содружниците одлучуваат при донесувањето на одлуки согласно процентуалното учество на нивните удели во основната главнина на Друштвото.

- Управител на Друштвото е Јорданчо Којзаклиев, како управител со неограничени овластувања во внатрешен и надворешен промет.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото и изјава од овластениот надлежен орган на Друштвото за ефективноста на функционирањето на овој систем

Внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото е воспоставен во согласнот со: барањата на Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 – контрола на квалитет на фирми кои вршат ревизии и проверки на историски финансиски информации и други ангажмани на уверување и поврзани услуги; и МСР 220 – Контрола на квалитет за ревизија на историски финансиски информации кој се однесува на

контрола на кавлитет на поединечни ангажмани, во насока дека Друштвото и вработените се придржуваат на професионалните стандарди и законски барања и дека извештаите што се издадени се соодветни во околностите.

Одговорен за внатрешниот систем на контрола на квалитет е Управителот на Друштвото. Во прилог 1 на овој извештај дадена е изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

Внатрешниот систем за контрола на квалитетот се реализира преку:

- Политиките поврзани со релевантните етички барања кои се во правец на придржување од страна на персоналот на етичките принципи на интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост, и професионално однесување.
  Партнерите и целиот персонал морат да бидат независни во однос на клиентите и ангажманите. Доколку заканите за независноста неможат да бидат елиминирани или намалени до прифатливо ниво, со примени на соодветни мерки на заштита, Друштвото ќе ја елиминира заканата или ќе одбие да го прифати или продолжи ангажманот.
  Во поглед на обезбедување на доверливост заштита на податоците, согласно политиките, партнерите и вработените имаат обврска да ги заштитуваат и чуваат како доверливи сите информации за клиентот.

- Политиките поврзани со прифаќање, продолжување или повлекување од ангажманите со кои се оценува поседување компетенции, способности и потребни ресурси на Друштвото како и оценка на интегритет на клиентите.

- Политиките и процедурите кои се однесуваат на човечките ресурси при вработување, оценување и уанпредување на вработените, назначување на одговорен на ангажман, членови на ангажманот и потреба од користење на експерти и специјалисти.

- Политиките и процедурите за спроведување на ангажманите и вршење на внатрешната контрола на квалитет согласно кои се користат ревизорски техники; надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет; критериум за ревизорски ангажмани предмет на внатрешна контрола на квалитет; критериум за избор на лица кои вршат внатрешна контрола на квалитет; навремено комплетитарање, архивирање и чување на ревизорската документација. Политиките и процедурите се дизајнирани Друштвото и персоналот соодветно да ги планираат, надгледуваат и проверуваат ангажманите и дека извештаите се соодветни на околностите.

- Политиките и процедурите кои се однесуваат на следење и документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет, дизајнирани за обезбедување на доверливоста, интегритетот, безбедноста и пристапот до документацијата на ангажманот.
  Следењето се состои од разбирање на системот на контрола на квалитет и определување на ефикасноста на неговото функционирање.

## 5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Друштвото беше предмет на проверка за уверување во квалитетот на работата на Друштовото и ангажманите на овластените ревизори во период од 26 октомври до 30 октомври 2015 година за годината која завршува на 31 декември 2014 година, од страна на овластени претставници на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, за што е издаден конечен извештај на 04 февруари 2016 година. Предмет на контрола беше системот на конрола на квалитет и три поединечни ангажмани за ревизија на финансиски извештаи.

## 6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

Друштвото во 2017 година има извршено законски ревизии на следните правни субјекти: Очна оптика Гsvalдус АД Скопје, Глобус ДОО Скопје, Дипо ДООЕЛ Охрид, Железник АД Демир Хисар, Мај Комерц ДООЕЛ Скопје, Металекс ДООЕЛ Кавадарци, МЗТ Пумпи АД Скопје, Агенција за регулирање на железничкиот сектор, Нале транс ДООЕЛ Облешево, Динамо Хит ДОО Велес, Мирана ДООЕЛ Велес, Зендолино ДОО Штип, ФД Ал Коса ДООЕЛ Штип, Хемомак Пестициди ДОО Велес, Алевадо Кабел ДОО Велес, Алевадо ДОО Велес, Матрикс ДОО Скопје, Интеграл ДООЕЛ Тетово, Актива Осигурување АД Скопје, Актива АБГ ДООЕЛ Скопје, Фабрика за шински возила ДООЕЛ Велес, Пескара ДООЕЛ Велес, Киппер Маркет ДОО Тетово, В три Трејд ДОО Скопје, Гис ДООЕЛ Скопје, Глобал Код ДОО Кичево, Нова Медиа Гроуп ДООЕЛ Скопје, Мадал Бал ДООЕЛ Скопје, Алдако ДОО Тетово, Балканија ДООЕЛ Куманово, Гофи ДООЕЛ Скопје .

Друштвото во 2017 година има извршено договорни ревизии на следните правни субјекти: Пролетер АД Крива Паланка, Ацо Шпед ДООЕЛ Велес, Кварц комерц ДООЕЛ Велес, Синдикат на фудбалери на Македонија, Дема Транс ДООЕЛ Скопје, Јовановски Превоз ДОО Скопје, Кадино Компанија ДООЕЛ Скопје, Милиса Бус ДООЕЛ Скопје, ТП Классик бус Скопје, проект на Центар за развој на вардарски плански регион и проект на Бизнис конфедерација на Македонија.

## 7. Опис и изјава за независно работење на Друштвото со кое се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото и дека истите се спроведени

Во Друштвото постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите се спроведуваат.

Независноста на Друштвото во однос на клиентите од листата, која ја води лицето задолжено за етички прашања, ја потврдува управителот давајки писмена изјава во месец октомври. За новите ангажмани независноста на Друштвото управителот ја потврдува со писмена изјава пред прифаќање на ангажманот.

Независноста на вработените се утврдува по пат на давање на писмени изјави во однос на листите на клиенти на Друштвото во месец октомври. За новите ангажмани вработените независноста ја потврдуват со писмена изјава пред прифаќање на ангажманот.

Во прилог 2 на овој извештај дадена е изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото.

## 8. Опис и изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останати вработени

Согласно барањата на Законот за ревизија и донесените политики и постапки за контрола на квалитет обврската за континуирана професионална едукација на вработените е следната:

- овластените ревизори имаат обврска да посетуваат обука за континуирано професионално усовршување од минимум 120 часа за период од 3 години, односно најмалку 30 часа годишно, организирана од страна на професионалната организација на ревизорите во Република Македонија
- останатите вработените во Друштвото присуствуваат на обуките интерно организирани во Друштвото или обуки организирани од страна на консултантски компании.
- асистентите во ревизија имаат обврска во период од 3 години од вработувањето да отпочнат со полагање на испит за стекнување на звање ревизор

Во прилог 3 на овој извештај дадена е изјава за следење на политиката за континуирано прифесионално усовршување.

## 9. Финансиска информација за приходите

Друштвото врши ревизорски услуги на единечни и консолидирани финансиски извештаи, ревизија на усогласеност, ревизија за посебни намени, дополнителни услуги за уверување, внатрешна ревизија, проверки, анализа, сметководствени и даночни услуги и консалтинг.

Остварениот вкупен приход во 2017 година изнесува:

| | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|
| Ревизија на годишни и консолидирани сметки | 2.728.804,00 | 2.835.158,00 |
| Дополнителни услуги за уверување | 234.637,00 | - |
| Даночни советодавни услуги (услуги за сметководство, проценка, консалтинг, интерна ревизија и други услуги) | - | - |
| Други неревизорски услуги (услуги за тренинг, преводи и останати услуги) | - | - |
| **ВКУПНО** | **2.963.441,00** | **2.835.158,00** |

## 10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

За извршените ангажмани ревизорите примаат месечена плата согласно законските прописи во Република Македонија. Хонорари за други надомести не се исплатуваат.

Скопје, 29.03.2018

Друштво за ревизија
КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА
ДОО Скопје

**Прилог 1:**

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Даме Груев бр.5/1 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

## Прилог 1:

**Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет**

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија Друштвото за ревизија Којзаклиев – Павлеска ДОО Скопје доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитетот, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во Друштвото.

Скопје, 29.03.2018

КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО Скопје
Управител, Јорданчо Којзаклиев

## Прилог 2:

**Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото**

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија Друштвото за ревизија Којзаклиев – Павлеска ДОО Скопје ги спроведува усвоените интерните процедури за независно работење.

Скопје, 29.03.2018

КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО Скопје
Управител, Јорданчо Којзаклиев

## Прилог 3:

**Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување**

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија Друштвото за ревизија Којзаклиев – Павлеска ДОО Скопје ја спроведува политиката за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и вработените.

Скопје, 29.03.2018

КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО Скопје
Управител, Јорданчо Којзаклиев